Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## Закон за високо образование

Од 22.03.2008 стапи во сила новиот Закон за високо образование на РМ, согласно кој се очекуваат низа активности во рамките на Универзитетот и Факултетот.

## Делегација од програмата ЕУРЕКА

На 27.03.2008 на МФ престојуваше делегација од седиштето на ЕУРЕКА во Брисел со цел да се промовираат активностите во рамки на програмата ЕУРЕКА. Можноста за аплицирање со проектни идеи е отворено во текот на целата година, а подетални информации за условите и можностите кои ги нуди програмата се добиваат на web: www.eureka.be.

## Конкурс

Министерството за образование и наука на РМ и Министерството за наука на Турција објавија конкурс за билатерални научно-истражувачки проекти. Конкурсот е отворен до 28.04.2008, а подетални информации за приоритетите и условите за конкурирање на web страната на МОН: www.mon.gov.mk.

## Европски информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ)

На 28 март 2008 во Ректоратот на УКИМ во присуство на заменик-претседателот на Владата на Република Македонија, м-р Зоран Ставрески и Амбасадорот Н.Е. Ерван Фуере, беше промовиран и започна со работа Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија - ЕИИЦМ.

Корисници на оваа мрежа се мали и средни претпријатија, универзитети, научно-истражувачки организации и други бизнис субјекти од Република Македонија, кои во рамките на мрежата Enterprise Europe Network ќе стекнат контакти за вршење бизнис, размена на иновативни технологии, заедничко учество во научно-истражувачки и развојни проекти и за други облици на меѓусебна соработка.

## Стипендии преку Фулбрајт програмата

На Машинскиот факултет во Скопје на 13.03.2008, Македонско Американската Алумни Асоцијација (МААА) оддржа презентација на можностите за стручно и научно усовршување во САД преку Фулбрајт програмата. Конкурсот за аплицирање за стипендии во оваа програма е отворен до 1.08.2008.

## Издание на збирка задачи

Во рамки на издавачката дејност на МФ, во февруари 2008 излезе од печат "Збирка задачи од јакост на материјалите" под авторство на Проф.д-р К.Анѓушев, Проф.д-р Д.Коруноски, Доц.д-р З.Петрески и Пом.асс. Г.Тасевски, наменета за студентите на Машинскиот факултет.

## Промоција на прирачник

Во рамките на редовните активности Центарот за развој на нови бизниси при УКИМ преку својот Центар за кариера го издаде прирачникот "Како се бара работа". Целта на прирачникот е да им се покаже и олесни начинот на барање работа на студентите и дипломираните. Според прирачникот е дизајнирана и веќе се спроведува соодветна обука која ќе ја посетуваат над 1000 студенти од УКИМ. Прирачникот беше промовиран на 30.03.2008 во Ректоратот на УКИМ.

## Државен натпревар по математика

Машинскиот факултет беше домаќин на 51 Државен натпревар по математика за учениците од средните училишта во РМ, кој се оддржа на 22.03.2008 и на него учествуваа повеќе од 150 ученици. На настанот беа промовирани можностите за студирање на МФ пред учениците и менторите.

## Студентски Job Fair

Во организација на меѓународната студентската организација BEST, во периодот 18-21.02.2008, во централниот хол на МФ и ФЕИТ се оддржа веќе традиционалниот Саем на вработување - “Job Fair“. На саемот се промовираа повеќе од 30 компании од земјата и беа одржани бројни интервјуа за вработување на студенти во завршни години и дипломирани на техничките факултети.

## Отсуства во март 2008

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец март 2008 год оствarija долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Зоран Пандилов реализира службено патување во Прага, Р. Чешка, со цел престој на Техничкиот универзитет во Прага во врска со реализирање на експериментални истражувања предвидени со научноистражувачки проект.

2. Вон.проф. д-р Валентина Гечевска и доц. д-р Глигорче Вртаноски реализираа службено патување во Нови Сад, Србија, со цел учество на Семинар за презентација на современи CAD/CAM алатки.

3. Доц. д-р Никола Тунески реализира службено патување во Нови Сад, Србија, заради учество со софтверски пакет на Семинар за математичка визуелизација.

4. Проф. д-р Ристо Цицонков реализира службено патување во Тирана, Албанија, со цел да одржи три презентации на Меѓународен собир на тема елиминација на NCFC флуидите и воведување на нови технологии во ладилните и клима уредите.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**12.04.2008**
**ОТВОРЕН ДЕН НА МФС**

**24.04.2008**
**40 СЕДНИЦА НА ННС**

**28.04.2008**
**НЕРАБОТЕН ДЕН ПО ПОВОД ВЕЛИГДЕН, ВТОРИОТ ДЕН НА ВЕЛИГДЕН**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

## Година 2008, март, број 69

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## ОТВОРЕН ДЕН НА МФС

На ден 12.04.2008 год. МФС повторно ќе ги отвори вратите за идните студенти да можат лично да се уверат во перспективите за студирање што ги нуди нашиот факултет.



Отворениот ден (12 Април) е дел од програмата на комисијата за промотивни активности. Промотивниот материјал е подготвен, презентациите по средните училишта ќе се одржат во првите две недели од април, предвидено е учество на саемот за образование "Образование и кариера" кој ќе се одржи на Скопскиот саем во периодот 17-19.04.2008 година, како и низа други активности.